# Службен гласник

## на Општина Кавадарци



| Број 15 | 13.06.2022 година |
|---|---|



СОДРЖИНА



| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Анализа за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци | 3 |
| Заклучок за усвојување на Анализа за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци | 3 |
| Решение за објавување на Одлука за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници | 4 |
| Одлука за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници | 4 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци | 8 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци | 9 |
| Решение за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз во Општина Кавадарци | 10 |
| Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз во Општина Кавадарци | 10 |

| | |
|---|---|
| Решение за објавување на Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 11 |
| Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци | 12 |
| Решение за објавување на Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година | 12 |
| Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година | 13 |
| Решение за објавување на Одлука за одобрување финансиски средств од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 14 |
| Одлука за одобрување финансиски средств од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година | 14 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Анализа за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Анализа за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/1** — **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** — **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** — **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.05/02) а во врска со член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05 ....... 75/21"), расправајќи по Анализата основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Анализа за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци**

1. СЕ УСВОЈУВА Анализата за основање на Јавно Претпријатие за вршење на превоз на патници – Општина Кавадарци, со арх.бр.09-3741/1 од 06.06.2022 година.
2. Заклучокот влегува сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен Гласник на Општина Кавадарци".

**Бр.08- 3734/1** — **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** — **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** — **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за основање на Јавно претпријатие**
**за превоз на патници**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.
2. Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/2**
**13.06.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 4 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ„ бр.5/02), а во врска со член 9 и член 10 од Законот за јавните претпријатија („Сл.весник на РМ„ 38/96, 6/02,40,03, 49,06 22/07, 83/2009, 97/2010, 6/2012, 119/2013, 41/2014, 25/2015, 61/2015 , 39/2016,64/18, 35/19 и „Сл.весник на РСМ„ 275/19 и 89/22 ), член 5 став 1 од Законот за комунални дејности („Сл.Весник на РМ„ бр.95/12, 1643/13,42/14, 44/15, 147/15 и 31/16), член 82 став 1 точка 28 и член 132 став 1 точка 1 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.8/2005...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За основање на Јавно претпријатие за превоз на патници**

**Член 1**

Со оваа Одлука се основа Јавно претпријатие за вршење на превоз на патници, се утврдува дејноста на Јавното претпријатие, основните услови и начинот на вршење на дејноста за која се оснива, начиот на финансирање и други прашања од значење на јавното претпријатие.

**Член 2**

Називот на Јавното претпријатие гласи: Јавно претпријатие за превоз на патници ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.
Скратениот назив на јавното претпријатие гласи: ЈП ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ Кавадарци.

**Член 3**

Седиштето на јавното претпријатие е во Кавадарци на ул. „Маршал Тито„ бр 2.

**Член 4**

Основач на Јавното претпријатие е Општина Кавадарци со седиште во Кавадарци на ул. „Маршал Тито„ бр. 2.

**Член 5**

Јавното претпријатие ќе ги врши комуналните дејности од јавен интерес од локално значење за градот утврдени со закон и тоа:
-друг патнички, копнен транспорт неспомнат на друго место – 49.39;

**Член 6**

Јавното претпријатие има својство на правно лице и за превземените обврски во правниот промет со трети лица одговара со сиот свој имот.
Јавното претпријатие со својство на правно лице се стекнува со денот на уписот во трговскиот регистар.

**Член 7**

Јавното претпријатие не може за врши промена на дејноста од член 5 на оваа Одлука, промена на статутот, називот и седиштето, без претходна согласност од оснивачот.

**Член 8**

Почетните средства за работа на претпријатието, во износ од 6.000.000,00 денари, се обезбедуваат од Буџетот на Општина Кавадарци.
Основачот ке изврши дополнителни вложувања во јавното претпријатие, доколку има потреба за тоа.

Понатаму во текот на своето работење средствата за вршење на дејноста, јавното претпријате ќе ги обезбедува преку давање на услугите од дејноста за кое е осноано, како и од средствата на основачот и други средства согласно закон.

**Член 9**

Јавното претпријатие е во целосна сопственост на Општина Кавадарци.

**Член 10**

Јаното претпријатие има својство на правно лице со права, обврски и одговорности утврдени со Закон за јавни претпријатија.

Во правниот промет со трети лица претпријатието истапува со свое име и за своја сметка.

За сторените обврски во правнот промет со трети лица претпријатието одговара со сиот свој имот.

**Член 11**

Претпријатието е должно да се придржува кон програмата со која се планира за развој и финансирање на дејноста.

**Член 12**

Управување со претпријатието, спроведувањето на одлуките на органите на управување и работењето на јавното претпријатие, се врши во согласност со Законот за јавните претпријатија, други закони, оваа Одлука и Статутот на претпријатието.

Годишната сметка и финанскиот извештај на претпријатието подлежат на ревизија од страна на независна ревизорска куќа.

**Член 13**

Органи на јавното претпријатие се : Управен одбор, Надзорен одбор за контрола на материјално-финансиско работење (во натамошниот текст:надзорен одбор) и Директорот.

**Член 14**

Управниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 5 (пет) члена, кои ги именува и разрешува Советот на Општина Кавараци.

Мандатот на членовите на Управниот Одбор трае 4 години.

### Член 15

Надзорниот одбор на Јавното претпријатие се состои од 3 (три) члена кои ги именува и разрешува Советот на Општина Кавадарци.

Мандатот на членовите на надзорниот одбор трае 4 години.

### Член 16

Со работа на претпријатието раководи директор што го избира и разрешува Градоначалникот на Општина Кавадарци, врз основа на јавен конкурс.

Директорот го претставува и застапува претпријатието.

### Член 17

Со Статутот на претпријатието поблиску ќе се уреди организацијата и раководењето на Јавното претпријатие, општите акти и постапка за нивно донесување и извршување како и други прашања од значење на Јавното претпријатие.

Овластувањата, правата, обврските и одговорностите на органите на претпријатието ќе се утврдат со Статутот, во согласност со закон.

### Член 18

Градоначалникот на Општина Кавадарци ја овластува Славица Игнатовска по занимање дипл.прав., вработена во Општина Кавадарци, со стан на ул„Никола Минчев„ бр.19/13 од Кавадарци, да ги води работите на претпријатието се до негово конституирање и поднесе пријава за регистрација на претпријатието пред надлежниот регистарски орган.

### Член 19

Претпријатието се организира на начин со кој се обезбедува најоптимално вршење на дејноста за која се основа. Претпријатието може да основа и подружница согласно потребите и дејноста.

Внатрешната организација поблиску ќе се уреди со посебен акт на претпријатието.

**Член 20**

Статутот на претпријатието ќе се донесе и именувањето на органите на претпријатието ќе се изврши по донесување на Одлуката за основање на Јавно претпријатие за превоз на патници, од страна на Совет на Општина Кавадарци, а другите акти ќе се донесат во рок од 30 дена од денот на донесувањето на Статутот.

**Член 21**

Одлуката влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр.08- 3734/2** СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**13.06.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

Бр. 09- 3882/3 ОПШТИНА КАВАДАРЦИ
**13.06.2022 година** ГРАДОНАЧАЛНИК,
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 12 од Законот за комунални дејности (“Сл.весник на РМ бр.95/12...31/16), член 22 став 2 од Законот за управување со отпад („Сл.Весник на РМ“ бр.68/04 и „Сл.Весник на РСМ“ бр.31/20), член 10 од Законот за јавна чистота („Сл.Весник на РМ бр.64/09...31/16) член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за комунален ред и мерки за нејзино спроведување на подрачјето на општина Кавадарци бр.08-4875/20 од 20.12.2017 година („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„бр.4/2017, 65/2020 и 13/2022) , се врши следната измена и дополнување:

- Во член 136 став 1 после зборовите „ ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци ” СЕ ДОДАВААТ зборовите ,

„Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци “;

- Во член 136 став 3 алинеја 5 СЕ БРИШЕ;

-Во член 136 после став 3 СЕ ДОДАВА нов став кој гласи:

„Давателот на услуги Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци ги врши следните комунални дејности:

-јавен општински превоз“.

Ставот 4 станува став 5.

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци

**Бр.08- 3734/3** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз во Општина Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз во Општина Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/4**
**13.06.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (“Сл.весник на РМ“бр.05/2002),а во врска со член 9, 19 и 22 од Законот за патниот сообраќај („Службен весник на РМ“ бр.68/2004...163/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.275/19 и 67/22), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05...75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за општински линиски превоз во Општина Кавадарци**

**Член 1**

Во Одлуката за општински линиски превоз на патници во Општина Кавадарци бр.08-2766/4 од 28.04.2022 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.13/22), се врши следната измена и дополнување:

- Во член 4 став 3 зборовите „Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци„ **СЕ ЗАМЕНУВААТ** со зборовите,

„Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци “

- Во член 16 став 1 зборовите „Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци„ **СЕ ЗАМЕНУВААТ** со зборовите,

„Јавното претпријатие за превоз на патници „ГРАДСКИ ПРЕВОЗ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци “

Во останатиот дел Одлуката останува непроменета.

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 3734/4** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **Претседател,**
К а в а д а р ц и д-р Стојанчо Рамов

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за објавување на**

**Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/5** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**

**13.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа(“Сл.весник на РМ бр.05/2002), а во врска со член 124 од Законот за општа управна постапка (“Сл.весник на РМ бр.124/15 и 65/18), член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (“Сл.гласник на Општина Кавадаци бр.8/05....75/21),

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**за поништување на Одлуката со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци**

**Член 1**

Со оваа Одлука СЕ ПОНИШТУВА Одлуката за трансфер на финансиски средства од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година на ЈП за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци со арх. бр.08-2766/2 од 28.04.2022 година („Сл.гласник на Општина Кавадарци„ бр.13/22).

**Член 2**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци.

**Бр.08- 3734/5** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа (“Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од обласа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Заклучок за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година, донесен на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/6** **ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**Кавадарци** **д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 9 од од Законот за Локална самоуправа (”Сл.весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 82 став 1 точка 33 и член 132 став 2 од Статутот на Општина Кавадарци („Сл.Гласник на Општина Кавадарци„ бр.08/05....../21“), расправајќи по Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година,

Советот на Општина Кавадарци на 12-тата седница одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**З А К Л У Ч О К**
**за усвојување на Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година**

1. **СЕ УСВОЈУВА** Наративниот Извештај за работа на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци јануари-мај 2022 година донесен на седница на Управен одбор на Установа од областа на културата културно-социјален простор Подиум –Јадро Кавадарци, одржана на ден 23.05.2022 година.
2. Заклучокот влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „ Службен гласник на Општина Кавадарци“.

**Бр.08- 3734/6** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална самоуправа ("Сл.весник на РМ„ бр.5/2002), и член 113 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Кавадарци („Службен гласник на Општина Кавадарци„бр.8/05......75/21),

Градоначалникот на Општина Кавадарци донесе,

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за објавување на**
**Одлука за одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

1. **СЕ ОБЈАВУВА** Одлука за одобрување финансиски средств од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, донесена на Седница на Совет на Општина Кавадарци, одржана на ден 13.06.2022 година.

2.Решението влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен Гласник на Општина Кавадарци„.

**Бр. 09- 3882/7**
**13.06.2022 година**
**Кавадарци**

**ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**ГРАДОНАЧАЛНИК,**
**д-р Митко Јанчев**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа (Сл.Весник на РМ бр.5/2002), а во врска со Записник од Комисија за финансии и буџет со арх.бр.08-3749/2 од 13.06.2022 година,и член 132 став 1 од Статутот на Општина Кавадарци (Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.8/05...75/21)

Советот на Општина Кавадарци на 12-та седница, одржана на ден 13.06.2022 година, донесе ,

**О Д Л У К А**
**За одобрување финансиски средства**
**од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година**

**Член 1**

Со оваа Одлука Советот на Општина Кавадарци одобрува финансиски средства во вкупен износ од 40.000 денари на Мото клуб „Тиквеш Рајдерс" Кавадарци со седиште на ул.„Илинденска" бр.42 Кавадарци, за организирање на 5-от по ред Мото фест и 10

годишнината од постоењето на клубот во деновите 17 и 18 Јуни 2022 година.

**Член 2**

Финансиските средствата од член 1 на оваа Одлука ќе се издвојат од Буџетот на Општина Кавадарци за 2022 година, на Мото клуб „Тиквеш Рајдерс“ Кавадарци на следната жиро сметка:

-250001002808227 депонент Шпаркасе Банка;

-ЕДБ:4011013509995

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во “Службен гласник на Општина Кавадарци”.

**Бр.08- 3734/7** **СОВЕТ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ**
**13.06.2022 година** **Претседател,**
**К а в а д а р ц и** **д-р Стојанчо Рамов**